# ОТВОРЕН ПОВИК

# ЗА

# ИЗРАБОТКА НА ВИДЕО СОДРЖИНА

Во рамки на своите проекти во доменот на климатските промени, Еко-свест објавува повик за изработка на пет кратки видеа за информирање и подигнување на свеста кај граѓаните.

## ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА

Цел на оваа активност е информирање и едукација на граѓаните во земјава за следните теми:

- Климатски промени
- Климатска акција и објаснување на националните климатски цели
- Влијание на секојдневните активности врз климата.

Во рамки на кампањата ќе се користат студии, анализи и информации произведени од страна на Еко-свест на соодветната тема.

## ЗАДАЧИ

Избраниот понудувач треба:

- Да соработува и да ги следи насоките за изработка на видеата од лицето назначено за комуникација од Еко-свест. Ресурсите и материјалите за изработка на видеата ќе бидат презентирани на избраниот понудувач по потпишување на договорот за соработка;
- Да предложи креативни сценарија кои ќе ги претставаат зацртаните климатски цели во координација со тимот на Еко-свест;
- Да подготви и достави нацрт видео содржина за 5 видеа за одобрување од страна на Еко-свест;
- Да ги интегрира насоките и забелешките од Еко-свест во крајната верзија на видеата;
- Да ги предаде кратките видеа во соодветен формат (висока дефиниција 1080 HD и верзија за споделување на социјални медиуми) во договорениот рок.

## ВРЕМЕНСКА РАМКА И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

- Времето на изработка на видеата е 2 месеци од потпишување на договорот.

- Договорот завршува со важност на 31 јули 2023 година.
- Вредноста на договорот не може да надмине 5300 евра во денарска противвредност (бруто износ со вклучен ДДВ).

**ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

При пријавувањето, заинтересираните понудувачи треба да достават:

1. За правни лица:

- Краток опис на компанијата;
- Биографија од најмалку едно лице со искуство во изработка на кратки видеа кое би било ангжирано на активноста;
- Портфолио со изработени видеа;
- Тековна состојба не постара од 6 месеци;
- Финансиска понуда и временска рамка.

2. За физички лица/консултанти:

- Биографија на консултантот (потребно е искуство во изработка на видеа);
- Портфолио со изработени видеа;
- Финансиска понуда и временска рамка.

Целокупната документација треба да биде доставена на македонски јазик во електронска форма.

**ИЗБОР НА ПОНУДУВАЧ**

Еко-свест ќе формира 3 члена комисија со цел избор на најдобар понудувач.

Пристигнатите понуди ќе се бодуваат согласно следните критериуми и бодови:

- Претходно професионално искуство во дејноста (30 бодови);
- Портфолио со листа на изработени видеа (30 бодови);
- Понудена цена (40 бодови);

**КРИТЕРИУМИ ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ**

На повикот може да се пријават правни и физички лица кои ги исполнуваат наведените правни и технички услови. Договор ќе биде склучен со онаа компанија/организација која освоила најголем број бодови во сооднос на наведените критериуми. Комисијата за евалуација на понудите го задржува правото да го информира само понудувачот чија понуда била избрана како најсоодветна за овој повик.

**ПРИЈАВУВАЊЕ**

Комплетната понуда, апликантите треба да ја испратат на email: elena@ekosvest.com.mk најдоцна до **5 мај 2023 г., 16:00 часот**, со назнака **Апликација за изработка на видео содржина**.

Некомплетни понуди или понуди испратени по предвидениот рок нема да бидат земени во предвид.

Еко-свест ќе го извести само понудувачот чија понуда е избрана и со него ќе склучи договор.